**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-60/2**

**Скопје, 16.01.2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Кичево за 2005 година, кои се прикажани на страните од 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Кичево за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Владо Коруноски, Градоначалник на општина Кичево, до 19.04.2005 година и
- Владимир Толески, Градоначалник на општина Кичево од 20.04.2005 до 31.12.2005 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 8 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 02.10. до 04.10.2006 година и од 16.10. до 27.10.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 08 – 4441/1 од 27.12.2006 година примени се забелешки по Предходниот извештај - сметка на Органот на општина Кичево од Градоначалникот на општина Кичево. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- забелешките на наодот од точка 10.3.1. се прифаќаат делумно во делот на препораката и истиот е наод 11.3.1. во Конечниот извештај.
- забелешките на наодот од точка 10.3.7. не се прифаќаат и наодот останува во Конечниот извештај и е наод 11.3.7. .

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на актите**

11.1.1. Од имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/54 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Кичево врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на РМ, општина Кичево во својата евиденција има евидентирано само еден дел. Причина е тоа што надлежните во општината не извршиле утврдување на вредноста на целокупниот имот добиен со наведеното решение туку само на дел од имотот и тоа Спортска сала Соколана, стар објект на Радио Кичево, поранешен угостителски објект Кале и кацелариски простории во зградата на Министерството за транспорт и врски ПЕ Кичево, кои се евидентирани. Поради тоа искажаната состојба на 31.12.2005 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и изворите на средствата.

**Препорака:**

На основа решението, да се изврши утврдување на вредноста и евидентирање на материјалните средства сопственост на општина Кичево кои не се евидентирани.

**11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. Евидентирањето на ситниот инвентар не се врши согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, бидејќи при набавката не се врши зголемување на деловниот фонд, а при давање во употреба со евидентирањето на исправката на вредноста на ситниот инвентар не се евидентира намалување на деловниот фонд. Со ваквиот начин на евидентирање на ситниот инвентар се нема увид во состојбата на залихите на ситен инвентар и ситен инвентар во употреба како и се нема политика за евидентирање на истите.

**Препорака:**
Надлежните служби да утврдат соодветна сметководствена политика за евидентирање на ситниот инвентар и истата да ја применуваат во целиот пресметковен период.

11.2.2. За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите и резервни делови нема утврдено конзистентна сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период, што не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. За поголем дел од набавените материјали не е наведено каде и за кои потреби се потрошени. Тоа се јавува поради не примена на одредбите од претходно споменатиот пропис. За приемот и издавањето на истите лицето кое е задолжено води своја лична евиденција без при тоа да изготвува приемници при приемот и испратници на основа требувањата од пооделните оделенија и служби на општината. Не соодветното евидентирање на приемот и издавањето на материјалите придонесува да се нема увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење на истите.
**Препорака:**
Набавката на материјали треба да се регулира со општ акт со кој:
- ќе се утврди потребата за набавка;
- ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице, и
- ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатници/требување.

11.2.3. За трошоците за мобилни телефони сопственост на општина Кичево, не е донесен акт – одлука или решение за утврдување на висината на расходите кои ќе бидат на терет на општината. Не се води евиденција за набавката и издавањето на ваучери за при пејд корисници на мобилни телефони, нема документација кој ги набавува-подигнува истите и за потребите на кои лица се набавени и не се знае на кои лица истите се издадени. Ваквиот начин на работење го нарушува принципот на економично работење, доведува до нелимитирани трошоци по овие основи и можност за зголемени трошоци по овие основи.
**Препорака:**
Надлежните лица во општината да донесат интерен акт со кој ќе се лимитираат расходите од овој вид со цел за економично трошење на јавните средства и да воведат евиденција на кои лица и за какви потреби е набавката на ваучерите.

**11.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

11.3.1. Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи, е преценета во вкупен износ од 504 илјади денари, поради неоснована исплата на плати и надоместоци и тоа:
- исплата на плата на секретарот во поголем износ за 44 илјади денари за месец јуни и јули 2005 година поради примена на мерилата и критериумите за исплата на плата кои важат за избрани и именувани лица – функционери;
- повеќе исплатени надоместоци на советници за учество на седниците на Советот во износ од 344 илјади денари поради исплата на надомест кој е во поголем износ од 30% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци по одржана седница пропишан со одредбите од Законот за локална самоуправа;
- неосновано исплатени надоместоци на градоначалникот и секретарот за учество на седниците на Советот во износ од 116 илјади денари.
Наведеното е спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Република Македонија и Законот за локална самоуправа.

Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што овие состојби се надминати во 2006 година.

11.3.2. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста на направените расходи во износ од 8.168 илјади денари по разни основи од причина што истите не се поткрепени со комплетна документација. Таква е состојбата со расходите на следните ставки:
- На ставката Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка, евидентирани се расходи за канцелариски материјали, материјали за АОП, прехрамбени производи и пијалоци и други материјали во вкупен износ од 259 илјади денари без испратници, без фискални сметки за плаќањето во готово, испратници без датум и потпис за примателот;
- На ставката Поправки и тековно одржување, евидентирани се расходи за поправки и сервисирање на леки коли, одржување на улици и патишта, атмосферска канализација и одржување на улично осветление, во вкупен износ од 2.945 илјади денари, за кои нема прилог испратници и спецификации за извршените услуги или работни налози;
- На групата Капитални расходи ставката Други градежни работи, евидентирани се расходи за изградба, реконструкција на улици и изградба на фекална канализација во вкупен износ од 4.570 илјади денари, без прилог на потребна документација, градежни книги во кои недостасуваат количини на материјали и фактури без испратници. Во врска со изградбата на капиталните инвестиции, на ревизијата не и беа доставени на увид докази, записници за извршен технички прием на завршени објекти согласно законските одредби;
- На ставката Купување на мебел, опрема, возила и машини, евидентирани се расходи за набавка на канцелариска опрема за износ од 36 илјади денари за кои нема комплетна документација, фактури без испратници и набавки без одлука на советот и решение од градоначалникот;
- На ставката Други тековни расходи, евидентирани се расходи за репрезентација и расходи за доделени пригодни подароци – награди, во вкупен износ од 358 илјади за кои нема наведено по кој повод и каде се потрошени, а за наградите по разни поводи нема документација на кого и по кој повод се доделени.
Претходното е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и придонесува за искажување на расходи за кои неможе со сигурност да се утврди дали се направени за потребите на општината и дали се во рамки на нејзините надлежности.

**Препорака:**

Евидентирањето во книговодството да се врши на основа веродостојна и комплетна документација, а во врска со репрезентацијата и давањето подароци надлежните во општината да донесат акти со кој ќе се уредат прашањата во врска со расходите за репрезентација и акт по кој поводи ќе се доделуваат награди и пригодни подароци и до кој износи.

11.3.3. На ставката Други трансфери и Социјални надоместоци евидентирани се расходи за социјална помош за семејства и друга социјална помош за кои трансфери нема соодветна (веродостојна) документација врз основа на кои треба да се извршат трансферите. Овие трансфери не се регулирани со интерни акти од одговорните лица.
Непочитувањето на законските одредби и недонесувањето на интерни акти за регулирање на одредени трошоци придонесува за зголемени трошоци и ненаменско трошење на јавните средства.

**Препорака:**

- Извршувањето на буџетот да е во согласност со одлуката за извршување на буџетот со која ќе бидат лимитирани трошоците за спонзорства и со која ќе бидат изградени критериуми за дотирање на средства од буџетот на одредени корисници.

- Градоначалникот како одговорно лице за извршување на буџетот да овозможи извршување на буџетот согласно законските прописи.

11.3.4. Во општина Кичево во годините пред 2005 и во текот на дел од 2005 година постоела пракса на континуирано ангажирање на исти лица по договор за дело за извршување на разни работи од делокругот на работењето на постојните вработени лица ( работи од сметководството, изготвување на буџетот, контакти на ЕЛС Кичево во стопанството со други општини од регионот, работни задачи по налог на градоначалникот и други од него овластени лица, работи од областа на уредување и употреба на градежното земјиште, совети од областа на локалниот економски развој и други економски прашања и работи, работи од областа на локалниот сообраќај, помошни работи во подготовките на седници на Советот и неговите постојани и повремени комисии и т.н.). За 2005 година со овие лица се склучени договори заклучно со месец септември 2005 година кои создаваат обврска на општината од 437 илјади денари. По основ на исплати во 2005 година, од кој дел се од претходни години и дел од 2005 година, на сметката Други договорни услуги евидентирани се расходи од 728 илјади денари. Ваквиот начин на ангажирање на лица по договор за дело не е во согласост со одредбите од Законот за работни односи и придонесува за зголемени расходи на општината.

**Препорака:**

Ангажирањето на лица за извршување на одредени работи за општината да соодветствува на потребите на општината и да е во согласност со законските прописи од областа на работните односи.

11.3.5. За извршени градежни (земјени) работи на улица „Влашки пат„ Кичево од страна на фирмата „Бистра промет„ Кичево, испоставени се фактури од број 107/04 до број 118/04 сите од 26.12.2004 година на вкупен износ 1.806 илјада денари, со прилог испратници на кои е потпишан градоначалник, со што истиот потврдува дека работите се извршени. Тоа не е во согласност со Законот за градење (Закон за изградба на инвестициони објекти) со кои се регулира дека вршењето на стручен надзор треба да се довери на стручно лице. Со оглед на тоа дека се работи за градежни работи со количини, за кои извршувањето треба да се следи дневно и за што е потребно надзорен орган да изврши потврдување за извршената работа, ревизијата не можеше да се увери во реалноста на направените трошоци по овој основ.

**Препорака:**

Верификација за извршените работи потребно е да врши надзорен орган – стручно лице, а не градоначалникот кој истовремено се јавува и како потписник на договорот за извршување на работите.

11.3.6. Со увидот во благајничкото работење ревизијата констатира дека е постапувано спротивно на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прописите за благајничко работење односно не се изготвува документ каса исплати, а приложените сметки не се комплетни поради што ревизијата неможеше да се увери дека овие средства вистински се исплатени. Таквиот начин на благајничко работење и располагање со готовите пари може да доведе до ненаменско трошење на средствата и до можни злоупотреби на истите.

**Препорака:**

За исплатените средства од благајната треба да се изготвуваат каса исплати поткрепени со веродостојни документи како основ за кижење.

11.3.7. За инвестициониот објект изградбата на Фекална канализација на улица „Борис Кидрич„ Кичево ревизијата не можеше да се увери во реалноста на направените трошоци по овој основ во износ од 3.905 илјади денари, поради следното:

- По договорот за градење број 08-685/1 од 31.05.2004 година за објект изградба на фекална канализација на улица „Борис Кидрич„ во Кичево е добиена ситуација број 1 за извршени работи од 10.07.2004 до 15.08.2004 година на износ од 2.242 илјади денари со вклучен ДДВ. Ситуацијата е составена на 06.05.2005 година, заведена е во архивата на општина Кичево, потпишана е од надзорниот орган правниот субјект „НОВА-ГРАДБА„ Мирко Грујовски ДООЕЛ Кичево, а за инвенститор потпишан е градоаначалникот Владимир Толески ( гадоначалник од 20.04.2005 година), кој воедно е и потписник на овој договор како извршител, директор на АД „Тајмиште„ Кичево.
- Во општина Кичево под број 08-768/1 од 10.05.2005 година заведен е Анекс договор за градење број 1 кон основниот Договор бр.08-685/1 од 31.05.2004 година, во кои стои дека е склучен помеѓу: ЕЛС општина Кичево претставувана од градоначалникот Владо Коруноски (во овој период тој не е градоначалник) и АД „Тајмиште„ Кичево претставувано од ВД директорот Орданчо Петров. Анекс договорот е по истиот терк како и основниот договор со тоа што е утврдена вредност на истиот од 649 илјади денари или 19,95% од вредноста на основниот договор, анекс договорот е потпишан за изведувач од АД Тајмиште Кичево и градоначалник на општина Кичево Владимир Толески, а не како што стои на почетокот од договорот Владо Коруноски. За склучување на анекс договор на ревизијата не и беше презентирана согласност од Бирото за јавни набавки.
- Издадена е Завршна ситуација на износ од 3.905 илјади денари со ДДВ за извршени работи за период од 15.08.2004 до 03.08.2005 година, во која е наведено дека по претходната ситуација е наплатен износ од 2.242 илјади денари по што е останат износ за плаќање од 1.663 илјади денари. Ситуацијата е составена на 26.08.2005 година заведена е во архивата на општина Кичево, за надзор има потпис од Каролина Стефаноска вработена во општина Кичево како Виш соработник за надзор над објекти од висока градба и за согласен инвенститор потпишан е градоначалникот Владимир Толески, без печат на општина Кичево. Надзорот на работите на овој објект од почетокот ги извршува правниот субјект „НОВА-ГРАДБА„ Мирко Грујовски ДООЕЛ Кичево со кој е склучен договор број 08-454/1 од 10.04.2003 година. Истиот е потпишан на Ситуацијата број 1.

Во врска со овој објект од страна на комисија за технички прием формирана од градоначалникот со решение 08 – 1260/1 од 06.07.2005 година е изготвен и потпишан Записник бр. 08 –1260/2 од 11.07.2005 година за технички прием на Фекална канализација и водоводна линија на ул. Борис Кидрич во Кичево, со кој се констатира дека изведената фекална канализација во целост одговара на бараните технички прописи и може да се стави во употреба.
Овој записник е составен пред да биде испоставена завршната ситуација за изградба на овој инвестиционен објект.

**Препорака:**
Субјектот да преземе мерки за надминување на ваквите состојби.

**11.4. Не применување на одредбите од Законот за јавни набавки**

11.4.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки ревизијата утврди непримeнување на одредбите од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 26/98 ....24/03 и 19/04) и тоа:
- Спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки извршени се набавки од мала вредност на разни материјали и пригодни подароци по разни поводи во вкупен износ од 519 илјади денари без да се спроведе постапка за јавна набавка (Прилог број 1);

- Извршени се набавки во текот на 2002, 2004 и 2005 година за изградба на фекални канализации, асфалтирање и крпење на ударни дупки на улици, спротивно на член 21, 48, 56 и 67 од Законот за јавни набавки во вкупен износ од 14,116 илјади денари, односно склучени се договори и анекс договори кои го надминуваат основниот договор со што се избегнува постапката за јавна набавка (Прилог број 2);

- Спротивно на законските одредби во текот на 2003, 2004 и 2005 година извршени се набавки за кои нема постапка за јавна набавка за изградба на фекална канализација, тампонирање на улици, крпење на ударни дупки, чистење на снег, изработка на измени и дополнување на детални урбанистички планови, надзор на работите кои ги изведува општината, во вкупен износ од 11,042 илјади денари (Прилог број 3);

- Спротивнона член 55 од Законот, не секогаш се известуваат понудувачите за извршениот избор;

- Во постапката за јавна набавка за изградбата на Фекална канализација на улица„ Борис Кидрич„ согласно Законот за јавни набавки ( Сл. Весник на РМ бр. 26/98 … 02/2002 ) по спроведена постапка за прибирање понуди, Комисијата за јавни набавки при ЕЛС општина Кичево, на основа критериумите за најповолен понудувач ја рангирала понудата на „Македонија Инвест„ Скопје. Вредноста е на износ од 3.256 илјади денари со данок на додадена вредност. Од страна на градоначалникот, кој истовремено е и претседател на комисијата за јавни набавки е донесена Одлука бр. 08-704/2 од 05.06.2003 година со која за најповолен понудувач е избран второрангираниот АД „ Тајмиште„ Кичево.
Во врска со овој инвестиционен објект, во текот на месец јануари 2004 година, од надлежните во општината има спроведено постапка за јавна набавка според која од доставени три понуди избрана е понудата на ДГТУ„Бемос-В„ Кичево со кој е склучен формално исправен договор, но според надлежните истиот не е реализиран, не е работено по истиот и не е испоставена ниту една градежна ситуација.
Неспроведувањето на постапките за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

Градоначалникот да создаде услови за целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката, а изработување на урбанистички планови да вршат правни лица кои имаат добиено овластување за изработка на истите.

12. Вкупниот ефект од наодите во точка 11.3. е преценети расходи за износ од 504 илјади денари и потценет вишок на приходи над расходи за истиот износ во Билансот на приходи и расходи.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1. и 11.3. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Кичево на 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.3. и 11.4. кај Органот на општина Кичево не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2005 година.

**15. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на општина Кичево во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

**15.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

15.1.1. Позицијата Материјални средства е потценета за износ од 2.764 иљади денари и за истиот износ е потценета состојбата на изворите на средствата, поради не евидентирање на документацијата (градежни ситуации) за завршени градежни работи афалтерски работи на улица Рудничка и улица Скопска. Тоа е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на сметките од сметковниот план за буџетските корисници.
Во текот на ревизијата правниот субјект спроведе соодветно книжење со кое искажа зголемување на вредноста на Материјалните средства и зголемување на Деловниот фонд.

16. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека општина Кичево е тужена страна во судски спорови со дваесет и седум субјекти-физички лица по основ на експропријација и деекспропријација за вкупен износ од 55.301 иљади денари на кои следи и камата и со единаесет субјекти-правни лица по основ неплатен долг во вкупен износ од 32.216 илади денари.
Општина Кичево се јавува како тужител по основ на паричен надоместок за комунално уредување спрема деветнаесет субјекти-физички лица во вкупен износ од 2.950 иљади денари од кои спрема шест субјекти има правосилни пресуди во износ од 1.765 иљади денари, кои не се извршени.
Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Кичево за годината која завршува со 31 Декември 2005 година.

17. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2002 година, од страна на Општина Кичево – Орган превземени се мерки и е постапено по препораките на ревизијата во врска со примена на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Општина Кичево почнувајќи од 2005 од принципот на пресметковно сметководство преминала на евидентирање по буџетски принцип, според кој признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетите и буџетските корисници се спроведува според сметководсттвеното начело на парично искажување.
Постапувајќи по препораките истотака општина Кичево во својата евиденција го има евидентирано само дел од имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/54 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Кичево врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија. Причина е тоа што надлежните во општината не извршиле утврдување на вредноста на целокупниот имот добиен со наведеното решение туку само на дел од имотот и тоа Сортска сала Соколана, стар објект на Радио Кичево, поранешен угостителски објект Кале и кацелариски простории во зградата на Министерството за транспорт и врски ПЕ Кичево, кои се евидентирани.
Што се однесува до другите наоди од ревизијата од 2002 година не се преземени мерки за надминување на состојбите.

**Скопје, 29.12. 2006 година** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ОПШТИНА КИЧЕВО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 18,808 | 5,781 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 287 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 50,106 | 35,605 |
| Приходи од отплата на заеми | | 0 | 75 |
| **Вкупно приходи** | | **69,201** | **41,461** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 16,995 | 14,239 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 26,455 | 21,609 |
| Каматни плаќања | | 0 | 212 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 1,498 | 542 |
| Социјални бенефиции | 3.2.4. | 152 | 677 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **45,100** | **37,279** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 24,101 | 3,307 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **24,101** | **3,307** |
| **Отплата на главнина** | | **0** | **863** |
| **Вкупно расходи** | | **69,201** | **41,449** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **0** | **12** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2005 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 12 |
| Побарувања | | 0 | 21,375 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 0 | 2,666 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 60,574 | 65,463 |
| **Вкупно тековни средства** | | **60,574** | **89,516** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 75,602 | 49,616 |
| **Вкупно постојани средства** | | **75,602** | **49,616** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | | 0 | 2,921 |
| **Вкупна актива** | | **136,176** | **142,053** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 48,744 | 66,268 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2. | 10,940 | 6,751 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.3. | 755 | 1,329 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.4. | 135 | 256 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 0 | 677 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 617 | 16,388 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **61,191** | **91,669** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 74,985 | 50,345 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **74,985** | **50,345** |
| **Извори на други средства** | | **0** | **39** |
| **Вкупна пасива** | | **136,176** | **142,053** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА КИЧЕВО**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **50,345** | **-** | **50,345** |
| **Зголемување по основ на:** | **27,488** | **-** | **27,488** |
| Набавки | 1,745 | - | 1,745 |
| Пренос од Фонд за локални патишта | 25,518 | - | 25,518 |
| Пренос од единицата за ППЗ | 225 | - | 225 |
| **Намалување по основ на:** | **2,848** | **-** | **2,848** |
| Отпис на капитални средства | 730 | - | 730 |
| Амортизација | 2,118 | - | 2,118 |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **74,985** | **-** | **74,985** |